Академски програми и курсеви на високо ниво реализирани од страна на Меѓународна антикорупциска академија (IACA) на тема борба против корупцијата и градење интегритет

Четврти курс: Одговорна и етичка употреба на вештачка интелигенција за спречување, откривање и гонење корупција и управување со интегритет

Дали сакате да дознаете како Вештачката интелигенција (ВИ) и Генеративната ВИ (ГенВИ) можат да се користат за спречување, откривање и истражување корупција, истовремено обезбедувајќи етичко и отчетно владеење? Дали сте подготвени да го зајакнете вашиот капацитет за одговорна примена на алатки на ВИ во работата за спречување на корупцијата, без да ја нарушите законитоста, транспарентноста и човечкиот надзор?

Оваа онлајн обука им овозможува на учесниците да стекнат сеопфатно разбирање за тоа како Вештачката интелигенција (ВИ) и Генеративната ВИ (ГенВИ) можат да се применуваат во процесите на зајакнување на превенцијата, откривање, истраги и гонење на корупцијата, притоа обезбедувајќи етичка и одговорна употреба. Преку студии на реални случаи, практични вежби и интерактивни дискусии, учесниците ќе научат како да ги идентификуваат ризиците од корупција, да откриваат скриени шеми и да поддржат носење одлуки засновани на докази низ целиот антикорупциски вредносен синџир. Обуката исто така овозможува градење капацитети за управување, ревизија, набавки и надзор над системите за ВИ во согласност со стандардите на ЕУ, вклучително и со Законот за ВИ на ЕУ и начелата на ОЕЦД за управување со ВИ. Оваа обука промовира одговорна употреба на ВИ преку решавање на ризиците поврзани со пристрасност, приватност и правна сигурност, истовремено зајакнувајќи ја институционалната координација и управувањето со интегритетот.

Цели на учењето

До крајот на оваа обука, учесниците ќе бидат способни:

- да ги разберат основните концепти на ВИ и ГенВИ кои се релевантни за управувањето, ревизијата и борбата против корупцијата.
- да ги објаснат основните начела на етичка и одговорна ВИ и нивната релевантност во однос на спречување на корупцијата и усогласеност.
- критички да ги проценат можностите и ризиците од примената на ВИ при откривање измама, управување со ризици од корупција и владеење на правото.
- да ги толкуваат и применуваат клучните елементи на глобалните регулаторни рамки за ВИ - Законот за ВИ на ЕУ, Начелата за ВИ на ОЕЦД и другите меѓународни стандарди за интегритет
- да дизајнираат структури за управување коишто добро ги балансираат иновациите, отчетноста и законската усогласеност
- да ги преточат етичките начела за ВИ во оперативно одлучување во контекст на јавниот и приватниот сектор
- да ја зајакнат институционалната подготвеност за усвојување на ВИ, набавки и надзор.

Податоци и логистика

Обуката ќе се реализира во четири (4) онлајн сесии во периодот од 14 септември до 9 октомври 2026[1], со една сесија неделно. Секоја сесија ќе трае 90 минути. Времето на одржување на онлајн сесиите ќе биде од 15:00 ч. до 16:30 ч.

Материјалите за обуката ќе бидат достапни на платформата за учење на IACA на почетокот на септември 2026 година.

Оценување

Резултатот од учењето на секој учесник ќе се оценува преку испит во форма на квиз. Преодна оценка е 80%. Завршниот квиз за оценување ќе биде достапен на платформата за учење на IACA, кој мора да се заврши најдоцна до 9 октомври 2026 година. По успешното завршување на обуката, учесниците ќе добијат сертификат за завршување на курсот.

Од сите учесници ќе биде побарано да го достават нивното повратно мислење/евалуација во електронски формат, како што ќе утврди IACA.

Кој може да се пријави за учество?

Максимум 25 државни службеници и професионалци на средно и високо ниво коишто работат во органи за спречување корупција, органи за спроведување на законот, Управата за финансиско разузнавање, јавни обвинителства, судови, институции за ревизија и надзор, органи за јавни набавки и други релевантни институции од јавниот сектор кои се вклучени во финансиски надзор, регулација и отчетност.

Учесниците треба да имаат улога и интерес во спречување и откривање корупција, подобрување на меѓуинституционалната соработка и примена на најдобрите меѓународни практики и дигитални алатки за унапредување на транспарентноста и отчетноста.

<u>За учество на курсот, потребно е добро познавање на англискиот јазик.</u>

Како да се пријавите

Изразување интерес треба да се испрати преку **пријава/мотивациско писмо на англиски јазик** (види прилог) на следната адреса sashenka.gramatova-ljuben@rolaw.mk најдоцна до **петок, 15 мај 2026 година**. Со избраните кандидати ќе се спроведе интервју за да се оцени нивното познавање на англискиот јазик.

Прилог: Писмо за пријавување

[1] Точните датуми на сесиите во наведениот период ќе им бидат соопштени на учесниците подоцна, но во секој случај, доволно пред почетокот на обуката.